**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Музичко образование

## за I одделение

**Скопје, 2021 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Музичко образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | I (прво) |
| **Наставни теми на наставната програма** | ***1. Слушаме музика***<br>***2. Пееме, свириме и играме*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно /36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре);<br>• разни извори на учење од природата и непосредната околина – листови хартија во боја, суви лисја од дрвјата, дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата);<br>• печатени материјали (прирачници, магазини, весници);<br>• дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-плеер, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, звучници, LCD-проектор, паметна табла);<br>• клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички инструмент;<br>• аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина. |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• професор/воспитувач по предучилишно воспитание, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС |

# ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничкото изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката прифаќа дека:* |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:
***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој*** и ***Општество и демократска култура.***

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |

| | |
|---|---|
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЛУШАМЕ МУЗИКА***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. разликува шум, звук, глас и тон од природата и околината и да го искажува сопственото доживување на пријатни и непријатни шумови, звуци, гласови од природата и околината;
2. разликува детска музика, народна музика, музика од анимирани филмови и препознава по неколку од секој вид;
3. ја препознава химната на државата;
4. разликува и применува соодветно елементарни музичко-изразни средства во слушаната музика (темпо, динамика, метар, висина на тонот, мелодија, ритам).

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • **Звуци**<br>(звук, шум, глас, тон). | • Препознава шум, звук, глас од природата и околината.<br>• Прави разлика меѓу звуци и тонови. |
| • Видови музика<br>(класична музика, музика за деца , музика од анимиран филм, народна музика, свечена песна – химна). | • Идентификува кој вид е музиката која ја слуша.<br>• Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика.<br>• Ја препознава химната на државата. |
| • Музички изразни средства<br>(мелодија, ритам, метар, бавно/брзо, високи/ниски тонови, гласно/тивко). | • Идентификува аудитивни контрасти (високо/ниско, кратко/долго, бавно/брзо, гласно/тивко).<br>• Идентификува вокална (пеење), инструментална (свирење) и вокално-инструментална (пеење и свирење) изведба.<br>• Идентификува карактер на слушаната музика (тажна, приспивна, среќна, весела, страшна). |

**Примери за активности**

- Наставникот произведува разни шумови, звуци (тропање, чкрипење, шушкање), а учениците ги препознаваат и класифицираат (звуци, шумови, пријатни, непријатни).

- Наставникот демонстрира звуци од природата преку аудиозапис (од животни, дожд, река), а учениците ги препознаваат или имитираат. Оваа активност, зависно од временските услови, може да се реализира и надвор во дворот или во околината.
- Наставникот чита приказна, а учениците следат и на одредени зборови создаваат соодветни шумови и звуци кои асоцираат на зборот.
- Учениците, во групи, одговараат на квиз во електронска форма, на паметна табла со интерактивни програми на тема *Звуци* (погодуваат за каков звук се работи). Доколку нема услови за тоа, може да се одговара и со кревање на картички со симболот на точниот одговор.
- Наставникот им демонстрира на учениците аудиоснимки од вокална, инструментална и вокално-инструментална музика, а учениците преку бојата на тонот одредуваат дали слушаат глас, инструмент или се присутни и двата елементи (вокално-инструментална музика).
- Наставникот пее/свири или демонстрира кратки аудиоснимки на фрагменти од народна музика, детски песни или музика од анимирани филмови, а учениците препознаваат за кој вид музика се работи и ги класификуваат фрагментите во соодветна категорија.
- Учениците (индивидуално или групно) им демонстрираат (со пеење или преку аудиозапис) на другите омилена детска песна и накусо објаснуваат зошто им е омилена.
- Наставникот им презентира на учениците фрагменти од музика од неколку анимирани филмови. Учениците се групираат околу тоа која најмногу им се допаѓа и објаснуваат зошто, преку емотивна асоцијација за музиката (тажна, приспивна, среќна, весела, страшна).
- Наставникот презентира аудио- или видеозаписи од народни песни кои се карактеристични за различните етнички заедници кои живеат во РСМ (по една за секоја). Учениците погодуваат на кој јазик е изведена, а наставникот укажува на точниот одговор со кусо објаснување на содржината на песната.
- Врз основа на претходно слушаната музика, наставникот демонстрира аудио- и видеоснимки од карактеристични делови од композициите, а учениците препознаваат за која песна или композиција се работи (игра *Музичка меморија*).
- Наставникот ја демонстрира (преку снимка или пеење) химната на државата, а учениците стојат додека ја слушаат и преку дискусија одредуваат во кои прилики се слуша и се пее химната.
- Наставникот преку слики, играчки и сл. прикажува различни животни (на пример, желка, зајак, тигар, мечка), а учениците го имитираат начинот и темпото на движење (брзо/бавно).
- Учениците ја играат играта *Топло/ладно*, а потоа заклучуваат за разликите во јачината и брзината применети во текот на играта.
- Наставникот демонстрира две различни композиции со спротивен карактер (пее/свири или преку аудиозапис), а учениците го одредуваат карактерот споредувајќи ги темпото, динамиката и траењето на тоновите.

**Препорачани композиции:**

https://www.youtube.com/watch?v=EjdEw2MR5XA- Прво - Музичко образование - Слушање на звуци - Eduino Platform
https://www.youtube.com/watch?v=YqNP_K3ARrs- I одделение - Музичко образование - Пријатни и непријатни звуци
https://www.youtube.com/watch?v=xCWTPXHKxJo „Златно Славејче" – неколку песни на стихови од В. Куновски.
https://www.youtube.com/watch?v=__NmUKrSEXU Kad bi svi/Кога сите би – детска песна на српски јазик.
https://www.youtube.com/watch?v=4iCDE3apc9w- Razbole se lisica, детска песна на босански јазик.)
https://www.youtube.com/watch?v=MuNYfo1m7s0 Rehatija/Комфор, „Ylberi 2020" – детска песна на албански јазик.)
https://www.youtube.com/watch?v=4Y9-aXo7e3k An ordinary Turkish song for children – детска песна на турски јазик
*https://www.youtube.com/watch?v=xqF8n6zs42s-* U svetu postoji jedno carstvo – на ромски јазик и на српски јазик.
https://www.youtube.com/watch?v=tK7HgFRVtV0&t=15s- изведба на гајда од Пеце Атанасовски.
https://www.youtube.com/watch?v=IWanycYXuz8 - *Зелено, зеленико.*
https://www.youtube.com/watch?v=_W209cIkdAc- *Qengji Vogël | Këngë për fëmijë.* на албански јазик
https://www.youtube.com/watch?v=mdPQrpOrUxs - *Dandini Dandini Dastana,Alkışlarla Yaşıyorum,* на турски јазик:
https://www.youtube.com/watch?v=UmmCmjtJ_dU- *Мој зумбуле* (Сафет Исовиќ) на босански јазик:
https://www.youtube.com/watch?v=ZGmdtwLPGAo *Зелени се јагодо* (народна песна) на српски јазик
https://www.youtube.com/watch?v=uEND4R4aucw *Romano horo* (Есма Реџепова) на ромски јазик:
https://www.youtube.com/watch?v=4nMUr8Rt2AI -Едвард Григ: „Во пештерата на планинскиот крал".
https://www.youtube.com/watch?v=-dteg8vmmMA - изведба на дете пијанист
https://www.youtube.com/watch?v=yKuD6FzAVfE- химната на Република Северна Македонија
https://www.youtube.com/watch?v=oMDquZqH-EE (Видео за емоции во танцот со Елмо од *Мапет шоу)*
https://www.youtube.com/watch?v=mlLGwW7eHTI- („Страшна" музика)
https://www.youtube.com/watch?v=C7dPqrmDWxs&list=RDQMhH0aPyrY-R0&index=2- („Среќна" музика)
https://www.youtube.com/watch?v=mGx_FATyasQ- („Возбудлива" музика)
https://www.youtube.com/watch?v=BxB9N1MmKOY- („Тажна" музика)
https://www.youtube.com/watch?v=CvFH_6DNRCY- („Тажна" музика)
https://www.youtube.com/watch?v=LFtz2XGDnlw - Видео за емоции на македонски јазик
https://www.youtube.com/watch?v=HI0x0KYChq4 *Весело*: песна на џуџињата од „Снежана и седумте џуџиња".
https://www.youtube.com/watch?v=M6iXO750B5Y&list=PLiTYarfz3Khvd1_hVdbDb1oID9vLwppY&index=6 - *Тажно*: П.И. Чајковски – Детски албум „Болната кукла" (со тажна мелодија прекинувана со „воздишки").
https://www.youtube.com/watch?v=-dteg8vmmMA *Страшно*: Едвард Григ – „Во пештерата на планинскиот крал".
https://www.youtube.com/watch?v=91l9NolZxP0&list=PLiTYarfz3Khvd1_hVdbDb1oID9vLwppY&index=16 *Смирено, спокојно*: П.И. Чајковски – Детски албум „Стара француска песничка", замислено – тажна емоција,
https://www.youtube.com/watch?v=9_LBwrGs2as- *Енергично, одлучно*: Прокофјев – Детска музика „Марш".

https://www.youtube.com/watch?v=ecYgqLml89c) видео-клип од филмот „Кралот лав“.
https://www.youtube.com/watch?v=1y0eoYD-AKY)-приспивна песна, како што е песната „Нани ми, нани, детенце!“
https://www.youtube.com/watch?v=_rIumlLCatU)-Приспивна песна на албански јазик
https://www.youtube.com/watch?v=Y36O0PMCo4A)- Приспивна песна на турски јазик
https://www.youtube.com/watch?v=M_60BCSLl4M)- Приспивна песна на бошњачки јазик
https://www.youtube.com/watch?v=G3fdqj1P3Ns)- Приспивна песна на српски јазик
https://www.youtube.com/watch?v=xQf5jt94nds- Римски-Корсаков: „Бумбаров лет” во оркестарска изведба (брзо и кратко)
https://www.youtube.com/watch?v=M6iXO750B5Y&list=PLiTYarfz3Khvd1_hVdbD-b1oID9vLwppY&index=6- П.И. Чајковски: „Болната кукла“. бавно темпо долги тонови
https://www.youtube.com/watch?v=tK7HgFRVtV0&t=15s -гајда, изведба од Пеце Атанасовски, „Овчеполско“ (кратко – долго).
https://www.youtube.com/watch?v=lY8_G8cYi_Y -Камиј Сен-Санс: „Народот со долги уши“ (од „Карневал на животните“.Виолината свири високи и ниски поединечни тонови и кратки фрази.)
https://www.youtube.com/watch?v=4nMUr8Rt2AI -Едвард Григ: „Во пештерата на планинскиот крал“.
https://www.youtube.com/watch?v=HI0x0KYChq4 - „Снежана и седумте џуџиња“

Тема: ***ПЕЕМЕ, СВИРИМЕ И ИГРАМЕ***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. пее песни, самостојно и во група, почитувајќи ги правилата и техниката на пеење;
2. учествува во детски музички игри со пеење, танцување и свирење на детски ритмички инструменти;
3. создава кратки ритмички и мелодиски целини и едноставни кореографии по музичка инспирација.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| • **Песни и бројалки во опсег *ре-ла***<br>(пејачки став, дишење, песна, мелодија, текст, детски песни, народни песни, бројалки, самостојно пеење и пеење во група). | • Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег ***ре-ла*** со правилен пејачки став и правилно дишење.<br>• Пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам. |
| • **Детски ритмички инструменти**<br>(ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, | • Ги препознава детските ритмички инструменти според бојата на звукот.<br>• Го следи ритамот при изведување бројалки и песни, произведувајќи звук со своерачно изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти. |

| | |
|---|---|
| чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас). | • Правилно применува музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење) при свирење на детски ритмички инструменти.<br>• Го следи ритамот со тропкање (по колената, рамењата, телото). |
| • **Музички игри**<br>(пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер). | • Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички инструменти.<br>• Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш или валцер).<br>• Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри. |
| • **Музичко изразување и творење.**<br>(слободно музичко изразување, творење/создавање). | • Поврзува мелодија и ритам со движења.<br>• Креира кратки ритмички целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички инструменти.<br>• Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења со изразен карактер (весел или тажен), соодветно на карактерот на музиката. |

**Примери за активности**

- Учениците кажуваат бројалки кои веќе им се познати, па заедно со другите ученици ги повторуваат.
- Наставникот демонстрира бројалки со различен текст. Учениците повторуваат со јасна дикција, точна артикулација и правилен ритам (активноста вклучува вежба во која ритамот како траење на одредени слогови може да се менува и да варира).
- Наставникот демонстрира правилен пејачки став и правилно дишење, ги насочува учениците како правилно да ги применуваат преку различни вежби (,,Дувни ја роденденската свеќичка“, ,,Глуварче“, ,,Жешка супа“). Учениците ги изведуваат вежбите, а потоа пеат кратки мотиви на неутрален слог, прикажувајќи правилен пејачки став и правилно дишење.
- Наставникот пее/свири или пушта аудиоснимки од детски и народни песни со различно темпо и динамика во соодветен опсег (*ре-ла*), а потоа учениците ги пеат песните групно и самостојно.
- Учениците изработуваат едноставни музички ритмички инструменти од достапни материјали (на пример, тропалки од зрнести плодови: по еден грст ориз, леќа, грав, песок, პоситни и покрупни камчиња, пластични чаши /шишиња, стаклени тегли со капак, ластичиња, картон, метални капачиња).
- При изведба на музички игри со пеење учениците прават придружба со детски ритмички инструменти (по можност со своерачно изработените тропалки), со плескање на рацете, прстите, рамењата, колената, следејќи го ритамот.
- Наставникот пушта видео- или аудиоснимки од оро, марш и валцер, истовремено ги демонстрира чекорите на секој од нив и ги вклучува учениците во танцувачка активност. Учениците прават споредба на ритамот, карактерот и начинот на изведба.

- Наставникот им пушта на учениците видеоснимки/аудиоснимки од народни ора и песни, карактеристични за различните етнички заедници кои живеат во РСМ (по една за секоја), а учениците ги пеат и/или играат во соодветниот ритам и го следат ритамот со детски ритмички инструменти и тропалки.
- Учениците пеат претходно обработени песни и преку спонтани движења соодветно реагираат на карактерот на музиката.
- Наставникот демонстрира музички пример со маршов карактер во дводелен такт, а учениците се движат по слушнатата музика (маршираат) броејќи еден-два, еден-два, следејќи ги ритамот и темпото во различни правци по насока на наставникот: лево-десно, напред-назад.
- Наставникот презентира аудиозапис, а учениците со плескање со раце или со тропкање на клупа и сл. го поддржуваат ритамот.
- Учениците создаваат ритам и мелодија на кратки текстови (по можност текстовите што ги обработиле на мајчин јазик).
- Наставникот организира креативни работилници во кои учениците заедно со наставникот осмислуваат кореографии за песните согласно карактерот на музиката и содржината на текстот.

**Препорачани композиции:**

https://youtu.be/j0RfeMqHxdY - Радецки марш **–** Јохан Штраус
https://youtu.be/ClcCEr-x49g?list=RDClcCEr-x49g - Тореадори - „ Кармен“ - Жорж Бизе
https://youtu.be/MMGKtXElgvA - Марш на дрдвените војничиња – Чајковски
https://www.youtube.com/watch?v=yMLp5bjl5aY Dalcroze video-clips 1- движење усогласено со музиката
https://www.youtube.com/watch?v=A5ivDbWaTmw- Свирај лепо Давите, Хор „Колибри“
https://www.youtube.com/watch?v=HzTjiJBj4Gk&t=7s-Римски-Корсаков „Бумбаров лет“ со хорска изведба,„брзозборка“.
https://www.youtube.com/watch?v=yvNYr6uZnWM Песна за прваче, албански јазик –
https://www.youtube.com/watch?v=MHDxNL9VRZQ Песна за прваче, на турски јазик
https://www.youtube.com/watch?v=Yx3iotvMWsg- Песна за Прваче, на босански јазик –
https://www.youtube.com/watch?v=M8J8EBvpL5w- Песна за Прваче, на српски јазик
https://www.youtube.com/watch?v=6UYnHJqo7_4 – Clap Clap Sound – MUSICOGRAMA – Percusión Corporal
https://www.youtube.com/watch?v=9YgFbKCqTws – Clap Clap Song, Ribbon Dance
https://www.youtube.com/watch?v=9_LBwrGs2as, Сергеј Прокофјев: детска музика – „Марш“.
https://www.youtube.com/watch?v=3ytWZITZAW0- П. И. Чајковски: „Оревокршачка“ – валцер на цвеќињата.
https://www.youtube.com/watch?v=HWNhTOh5JEE Пример на час за танцување по слух

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди во наставата (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа се настојува да се обезбеди баланс во однос на полот. При избор на наставните материјали се користат примери кои промовираат интеркултурализам (на пример, песни и фолклор на јазиците на етничките заедници).

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од музичко образование со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;
- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);
- практичната изведба во група.

По завршување на учењето на секоја тема учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2021/2022 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичко образование* за I одделение.** | бр. 12-6200/8<br>9.4.2021 година<br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска, с.р |